**М. Арнаудов, Живот и дейност на Екзарх Йосиф,** Синодално издателство, София 1965, стр. 304.

Во својата монографија, којашто би требало да го круниса неговиот долгогодишен интерес кон проучувањето на историјата на Бугарската егзархија, Михаил Арнаудов не успеал сосем, од сите страни, да ја расветли дејноста на егзархот Јосиф. Книгата е поделена на 11 глави. Ќе се осврнеме само на некои страни од активноста на егзархот во Македонија.

Најпрвин авторот пишува за раните години на Лазар Јовчев, потоа за неговото школување. Посебно се задржува на неговото студирање во Париз. По враќањето во Цариград во ноември 1870 год., Јовчев се занимава со публицистика. Заинтересиран за егзархиското дело, Јовчев се закалуѓерува и го добива името Јосиф. Заслужува да се одбележи записот во неговиот дневник од 24. IX. 1872 год., каде засебно фигурира името Македонци: „Неговото Блаженство ме ракоположи за ѓакон. . . Имаше во црквата безброј многу Бугари и особено Македонци” (стр. 40). Наскоро ѓаконот Јосиф е ракоположен за јеромонах и воведен во архимандритски чин. Кон крајот на 1872 год. е назначен за егзархиски протосингел и се движи во друштво на егзархот Антим. Во 1876 год. Јосиф е ракоположен за Ловченски митрополит. Во 1877 год., по симнувањето на егзархот Антим од егзархискиот пост, од „Избирачкиот собор” на Егзархијата, при што решавачка улога одиграла групата на Чомаков, за нов егзарх е избран Ловченскиот митрополит Јосиф, меѓу другото и поради тоа што се мислело дека Јосиф, „како западен воспитаник. . . пошироко ќе ги сфати своите задолженија како претставник на бугарските духовни и граѓански интереси.” (стр. 60—61). Соборот не се излагал во својот усет, зашто егзархот Јосиф (1877—1915 год.) за време на долгите години на своето егзархување, во тој поглед, потполно ја оправдал таа надеж. На стр. 67 М. Арнаудов пишува дека Берлинскиот конгрес (1878 год.) ги смалил „на најнесправедлив начин границите на голема Бугарија. „На стр. 70 посебно ги нагласува протестите во Бугарија против уништувањето на Сан-Стефанската Бугарија. Притоа вели: „Најголем бил болот за загубата на Македонија”. На стр. 75 авторот ги изнесува советите што му ги дал на егзархот Гаврил Крстевич: „Ако се реши егзархот да појде во Кнежевството, влијанието во Македонија би му било многу слабо. Ако остане во Цариград тој може постојано и полека да си ги постигне своите цели”. На стр. 99 Арнаудов спомнува за тајната спогодба меѓу Австрија, Германија и Русија од 13 јули 1884 год., според која тие не би се противеле на соединувањето на Источна Румелија и Бугарија, под услов да не се дозволи на Кнежевството да посегне и на Македонија.

Егзархот успеал да се доближи до владеачките кругови во Бугарија и до кнезот Батенберг. Притоа „се постигнала спогодба меѓу црквата и државата, еднакво корисна и за двете страни” (стр. 101) Егзархот „прво. . .успеал да обезбеди од владата во Софија субсидија од 100 илјади лева за црковно-школското дело во Македонија, застрашено не малку од туѓите пропаганди, богато издржувани од соседните држави. И второ, за истата цел, егзархот дејствува пред румелиската влада за отпуштање стипендии за македонски младичи во румелиските школи” (стр. 102).

Во 1882 год. егзархот основал и „Училишно попечителство” на чело со архимандритот Методија Кусевич (роден во Прилеп) како претседател. (стр. 116). Уште во октомври 1881 год. била отворена полна гимназија со пансион во Солун, и трокласни школи во Битола, Охрид, Скопје, Дојран, Штип, Кукуш и др. градови. По зборовите на Арнаудов, архимандритот Методија полагал „големи грижи за устројство на учено то дело и за оборување на туѓите пропаганди”. На таа линија му содејствувал и Димитар Ризов, кој ја истакнал идејата за основање на една „Македонска дружина”, којашто би работела за прогонување на сите грчки владици од Македонија. (стр. 104).

По превратот во Бугарија и симнувањето на кнез Александар, во врска со барањето на владички места во Македонија „не можело да се смета ни на содејство од Бугарија, ни на слабата волја на населението во Македонија или на поткрепа од Русија”. (стр. 129). Потоа авторот пишува за тешките

размирици помеѓу некои црквени великодостојници и владата во Кнежевството. По извесни отстапки, ситуацијата се средува и владата на Стамболов сесрдно го подржува егзархот во барањето за владички берати од турската влада, за испраќање на егзархиски владици во Скопје и Охрид. Бидејќи било одолговлечувано издавањето на бератите, егзархот прибегнал кон извесна лукавост. Тој го замолил Големиот везир да биде испратен егзархиски владика во Скопје, којшто треба да освети неколку цркви и пак да се врати, до колку не би можел таму да остане со содејство на валијата. На крајот му било издадено на Теодосиј тескере и тој тргнал на 15 март 1890 преку Солун за Скопје. По низа перипетии Теодосиј морал да го напушти Скопје и да се врати во Цариград. М. Арнаудов го цитира егзархот, спрема кого, неуспехот на егзархиската офанзива во Македонија се должела и на самиот Теодосиј, кој пројавил слабодушност. Наместо да го потстрекне граѓанството да испрати телеграми до султанот, тој „го загубил умот. . , и не се обидел да печали време, откако би изјавил дека без заповед на егзархот нема да го напушти градот" (стр. 172). Овде, сметам дека авторот, макар што зема една констатација од устата на самиот егзарх, чини голема неправда спрема личноста на Теодосиј Гологанов, затоа што не се потрудил да ја утврди вистината. Но да ја слушнеме и altera pars. Теодосиј сторил сè за да се задржи во Скопје. Дури пристапил и кон поткуп на валијата. Но српската и грчката пропаганда толку силно дејствувале што под притисок на турските власти, морал да го напушти Скопје.[1]) — Слабодушност не би можела да му се *припише на Теодосиј*, особено не, кога се знае со каква истрајност се борел, по своето назначување за скопски митрополит, против Егзархијата, па за неговото отцепување од неа и обидот за обнова на Охридската архиепископија. Авторот ништо не изнел за дејноста на Теодосија во Македонија, како и за неговите остри препирки со егзархот, можеби и затоа што овде сериозно се побива тезата за македонски „Бугари", зашто Теодосиј ги собрал сите бугарски учебници и документи и ги спалил. Новите документи, напечатени преку Иван Гологанов во вилаетската печатница, покрај тоа што не го содржеле вообичаеното заглавие „Бугарска егзархија", биле напечатени на македонски јазик — на велешко-штипско наречје — и биле испратени на терен, каде веднаш влегле во употреба[2]).

М. Арнаудов ништо не спомнал ни за сменувањето на Теодосиј. Ние ќе додадеме дека во п. бр. 791 од 16. V. 1892 год. од егзархот до Синодот се вели дека среден пат немало, зашто „ветерничавоста и свирепоста на Високопреосветениот Теодосиј зеле размери и форми на опасност да го помрачат во скопската епархија, како и во други места, престижот на Егзархијата. . ., да ги сматат духовите и го заразат населението. Околностите наложуваа дилемата да биде разрешена брзо и без шум". Понатаму, егзархот, известува дека побарале интервенција од турските власти „бидејќи се плашевме, ако по една или друга причина останеше уште во тој деликатен пункт, ќе можеше да ја отцепи скопската епархија од Егзархијата, а ништо чудно да тргнеа по него и другите македонски епархии"[3]а). Во своето окружно писмо од 2. I. 1892 год. до архиерејските намесници, Теодосиј пишувал: „Бидејќи моето повикување е антиканонско, јас не сум се огрешил кон православието, туку кон Егзархијата, побаравме од Неговото Блаженство (егзархот - м. б.) да се откаже од управата во македонските епархии и да не остави сами да се управуваме"[3]б). Против Теодосиј биле преземени драстични мерки. Во 7-та точка од обвинението подигнато против Теодосиј се велело дека се обвинува поради стремежот да го одвои „бугарското население во Македонија од Бугарија, создавајќи некаква непостоечка во историјата народност"[3]в). Понатаму, авторот речиси и не го засегнал антиегзархистичкото движење во Македонија. Не изнел ништо, па и за тоа со какви сè методи се

---

[1]) Д-р Славко Димевски, Митрополитот скопски Теодосиј, Скопје 1965, Култура стр. 73—80.

[2]) Д-р Сл. Димевски, Ibidem, стр. 137.

[3]) а, б, в, Д-р Сл. Димевски, Ibidem, стр. 159—60, 161, 163.

служела Егзархијата против своите противници[4]). Потоа Арнаудов цитира фрагменти од егзарховиот дневник од 7 јули 1895 год., во кој егзархот ја изнесува големата жал за „загубата за Бугарија" на еден голем државник во лицето на Стамболов, кој и направил големи услуги на Егзархијата. (стр. 213—14) Несомнено, Стамболовиот режим ѝ овозможил на Егзархијата делумно да ги реализира своите барања, но тој предизвикал остро реагирање кај дел од македонската интелигенција, коешто М. Арнаудов не го изнел. Ќе наспомнеме само дека уште во 1894 год. Вардарски (Петре Поп-Арсов) во својата брошура „Стамболовштината во Македонија и нејзините претставници" остро ја жигосал Стамболовата политика и нејзините експоненти во Македонија.

Инаку, авторот во својата монографија доста релјефно го предал успешното лавирање на егзархот, меѓу дипломатските претставници во Цариград и Портата за постигнување на своите цели. Егзархот, како изврсен дипломат, умеел да ги искористи сите прилики за добивање на владички места во македонските епархии и широко да ја разграни културно-просветната дејност на Егзархијата во Македонија. Негова главна цел била национално „освестување" на македонските „Бугари", и подоцна во даден момент, нивно припојување кон Бугарија. По зборовите на Арнаудов, егзархот Јосиф, за време на неговото егзархување, најмногу го окупирале три прашања и тоа: дигање на шизмата, реализирање на „народниот" идеал — Сан Стефанска Бугарија и организирање на црквата. (стр. 300). На 31 март 1897 год. егзархот се сретнал со српскиот пратеник во Цариград д-р Владан Ѓорѓевиќ. При тоа егзархот Јосиф ја поздравил српско-бугарската спогодба. Тогаш Ѓорѓевиќ му рекол на егзархот дека не треба „да го пречи отворањето на српски училишта и цркви во Македонија, зашто тука немало Бугари, а Словени, и тврдел дека Србија не можела да постои ако не излезела на море." (стр. 229). Кон ова ние ќе додадеме и многу интересниот став на рускиот пратеник во Цариград, спрема црквеното прашање во Македонија. Во пов. бр. 125 од 17. I 1898 година, српскиот пратеник во Цариград Стојан Новаковиќ му пишува на српскиот министер-претседател д-р Вл. Ѓорѓевиќ дека се сретнал со Зиновјево, кој му рекол дека му е познато оти на Балканот црквите не се цркви, туку всушност национални пропаганди. „Вселенската патријаршија не е ни најмалку вселенска, туку таа е грчка, а не треба ни да зборуваме што е Егзархијата Бугарската црква се организирала сосема и нарочно на штета на српскиот народ во пределите на Македонија, каде словенските племиња се колебале дали да појдат за српското или бугарското средиште, за српската или бугарската просвета, или книжевна култура"[5]).

По Втората балканска војна и Букурешкиот мир (1913 год.) егзархот Јосиф морал да го напушти Цариград и да се повлече во Софија. Една година пред смртта (1914) егзархот Јосиф му изјавил на дописникот Рихард фон Мах: „Нашата Македонија ние никогаш не ќе ја добиеме. Во турско време имаше идеали и надежи, сега сѐ исчезна. Мојот 40-годишен труд за бугарштината во Македонија пропадна", Во јуни 1915 год. егзархот Јосиф умира.

На крајот ќе истакнеме дека монографијата на Михаил Арнаудов, и покрај извесни празнини, претставува прилог кон научното иследување на историјата на Бугарската егзархија.

*Д. Д.*

---

[4]) Д-р. Сл. Димевски, Некои моменти од антиегзархиското движење во Македонија од Берлинскиот конгрес до создавањето на ВМРО, ГИНИ, г. V, 2, Скопје 1961, 179—200. Од истиот автор. Македонското национално ослободително движење и Егзархијата, Скопје 1963, Култура.

[5]) Д-р Сл. Димевски, Дипломатската активност околу разрешувањето на црковното прашање во Македонија (1897—98), Г ИНИ, г. IX, бр. 1, Скопје 1965, стр. 277.